#купувајтемакедонскипроизводи

# Судот го одби барањето за цензура на „Нечиста крв“

МАКЕДОНИЈА 20.10.2022 / 12:27




Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) ја поздрави одлуката на Основниот граѓански суд Скопје за донесување решение со кое се одбива барањето за одредување привремена судска мерка со кое се бараше да се наложи на тужените од страна на Судот веднаш да ги отстранат објавените содржини со наслов „Нечиста крв”, односно објавите на документарниот видео запис со истоимениот наслов на МРТВ, YouTube каналот на ИРЛ и Facebook профилот на ИРЛ.

Ова следи по поднесената тужба против Истражувачка Репортерска Лабораторија од страна на докторот Жан Митрев и приватната здравствена установа – Клиничка болница Жан Митрев Скопје.

ЗНМ во однос на ова реагираше во одбрана на правото на слобода на изразување и известување на јавноста, односно барањето да се избрише „Нечиста крв” претставува апсурд и опасност. За овој обид за цензура ЗНМ ги извести своите меѓународни партнери Европската федерација на новинари (ЕФЈ) и Меѓународната федерација на новинари (МФН).

Like 0

Republika.mk - содржините, графичките и техничките решенија се заштитени со издавачки и авторски права (copyright). Крадењето на авторски текстови е казниво со закон. Дозволено е делумно превземање на авторски содржини (текст и фотографии) со ставање хиперлинк до содржината што се цитира.

# ЗНМ # НЕЧИСТА КРВ

## ПОВРЗАНИ ВЕСТИ

МАКЕДОНИЈА / 09.12.2022
АВМУ и ЗНМ реагираат на непрофесионалниот однос на генералниот секретар на Град Скопје кон новинарите

МАКЕДОНИЈА / 07.12.2022
ЗНМ: Функционерите мора да одговараат на прашањата на новинарите

МАКЕДОНИЈА / 03.12.2022
Младен Чадиковски пак избран за претседател на ЗНМ

## НАЈНОВО / МАКЕДОНИЈА

Судскиот совет најави работна посета на Апелациониот суд за „Таргет-Тврдина“, „Трезор“, „Транспортер“ и „Алфа“